**20170731336**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“, бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16 и 163/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 13.6.2017 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2017 ГОДИНА

Член 1 Во Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.192/2016 и 32/2017) во членот 4 во точка 1 зборовите „До 30 јуни 2017 година“ се заменуваат со зборовите „До 15 септември 2017 година“.

Член 2 Во Прилог 5 во Табелата за минимален број на овошки по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови, под реден број 12 за овошен вид лешник, во колоната „Прифатлив број на садници по хектар е над“, бројот „500“ се заменува со бројот „270“.

Член 3 Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2640/1
13 јуни 2017 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.